Д О Г О В О Р
за културно – образовна соработка

склучен на ___________2024/2025 година помеѓу:

1.ЈУ Детски културен центар „Карпош„ – Скопје, Булевар „Илинденска„ бр.__53__жиро сметка_785010962878715_ЕДБ_4030973232895_Депонент на Народна банка на Македонија, застапувана од директорот Билјана Лалчевска Серафимовска од една страна во својство на давател на јавни услуги во културата и

2.___________________________во својство на корисник на јавни услуги во културата.

ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСИЈА ЗА СЛЕДНОТО

Член 1

Предмет на овој договор е остварување вонучилишна, воспитно – образовна, социјална, забавна и рекреативна дејност на ЈУ Детски културен центар „Карпош„ – Скопје (давател на јавни услуги во културата – во понатамошниот текст Центарот), со деца од предучилишна дејност до 17 години (корисник на јавни услуги во културата - во понатамошниот текст корисник).

Член 2

Користењето на јавните услуги во Центарот се реализираат во *музичкиот оддел, хуманитарниот, драмскиот, ликовниот, за меѓународна соработка и спортски активности.*

*Член 3*

*Членувањето на корисникот во Центарот и користењето на неговите услуги, се реализира со потпишување пристапница и согласност од родителот – старателот на детето кои се наоѓаат на задната страна од договорот.*

*Член 4*

*За користењето на услугите на Центарот, корисникот(дете/родител) на* ***шаховска секција*** *е должен да ги почитува протоколите, да уплати членарина во износ од 1500 денари месечно. Членарините треба да се уплаќаат редовно секој месец.*

*Член 5*

*Обврските кои би настанале дополнително, а не се регулирани со овој договор, ќе се регулираат со анекс кон истиот.*

*Член 6*

*Центарот еднострано ќе го раскине договорот, доколку корисникот не ја исполни основната обврска од член 4 односно не ги почитува протоколите и не уплаќа членарина месечно.*

*Член 7*

*Овој договор е изготвен во 2(два) еднакви примероци, од кои по 1(еден) за двете договорени страни.Договорот се испраќа електронски и електронски се враќа на инструктор потпишан од родител.*

*Член 8*

*Евентуалните спорови договорените страни ќе ги решаваат спогодбено, во спротивно ќе одлучува надлежен суд.*

*За Центарот,*
*Билјана Лалчевска Серафимовска*
*Директор*

*За корисникот,*

## ПРИСТАПНИЦА

Име и презиме на детето: Возраст: _______

__________________________________________________________

_____________________________________________________

Име и презиме на родител/старател:

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Контакт телефон: _________________

## <u>СОГЛАСНОСТ</u>

Јас , родител____________________________________________

**1***Се согласувам моето дете да посетува часови по шах и сум **согласен да го земам моето дете од просториите на** ЈУ Детски културен центар ,,Карпош''- Скопје **веднаш по завршувањето на часот од секцијата која ја посетува.**

**2*** Се согласувам и одговорен сум моето дете **самостојно да доаѓа и да си оди само без придружба, а** ЈУ Детски културен центар ,,Карпош''- Скопје **не сноси никаква одговорност во врска со тоа. Изјавувам и потврдувам дека сум запознаен дека** ЈУ Детски културен центар ,,Карпош''- Скопје **не е, ниту се смета по било кој основ за одговорна за заштита на** животот, здравјето, добросостојбата и безбедноста на моето дете надвор од деловните простории на центарот, вклучително ниту во однос на заедничките простории(ходници, дворно место, паркинг, лифт/платформа и друго) од зградата каде што се наоѓаат деловните простории на ЈУ Детски културен центар ,,Карпош''- Скопје.

( се заокружува една од понудените опции)

Ги прифаќам условите и протоколите кои ги нуди Центарот.

____________________

**(потпис на родител/старател)**